# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на<br>Општина Ѓорче Петров<br>Излегува по потреба | 23 Април 2014 година<br>Скопје<br>Бр.6 Год.IX |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


***Содржина:***


1. **Одлука за донесување на ДУП за УЗ „Даме Груев“ – УБ 3, општина Ѓорче Петров ........................................................ стр. 2**


**Април 2014, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за донесување на ДУП за УЗ „Даме Груев“ – УБ 3, општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УЗ „Даме Груев“ – УБ 3, општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деветнаесеттата Седница на Советот на Општина Ѓорче Петров, одржана на ден 23.04.2014 година.

**Број 08-1413/1**
**Од 23.04.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија" број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречисен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 18/2013), Советот на Општина Ѓорче Петров на 19-тата седница одржана на 23.04.2014 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за донесување на Детален урбанистички план за УЗ ДАМЕ ГРУЕВ – УБ 3, Општина Ѓорче Петров - Скопје

### Ч л е н 1

Се донесува Детален урбанистички план, УЗ Даме Груев – УБ 3, Општина Ѓорче Петров – Скопје, со кој во целост се испочитувани одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2002 година ("Службен гласник на Град Скопје"бр.8/2002), усогласен е со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022 година, Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. весник на Р.Македонија" бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009 ,124/2010, 18/2011, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006 37/2014) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.142/10, 64/11, 98/11, 169/11, 63/2012, 126/2012, 19/2013, 95/2013, 167/2013 и 37/2014).

### Ч л е н 2

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план УЗ Даме Груев – УБ 3, Општина Ѓорче Петров – Скопје е со следните граници на плански опфат, со вкупна површина од 18,14 ха.

- од североисточна страна со осовината на ул."Шарпланинска",
- од северозападна страна со осовина на ул."Тиранска"
- од југоисточнастрана со осовина на ул."Николај Островски" и
- од југозападна страна со осовина на ул."Лука Геров".

### Ч л е н 3

Деталниот урбанистички план за УЗ Даме Груев – УБ 3, Општина Ѓорче Петров – Скопје е изготвен од овластен правен субјект Дооел НИМАЕР-Струга, д.е. Скопје со технички број 249/2011.

Деталниот урбанистички план е со следната содржина :

## I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

## А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Вовед

1. Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
2. Историјат на планирање
3. Природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура
6. Инвентаризација и снимка на постојни споменички целини
7. Инвентаризација иснимка на изградена комунална инфраструктура
8. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени објекти
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
10. Состојба на природните и со работа создадени вредности
11. Извод од план од повисоко ниво

**Нумерички показатели**

## Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002-2020год........................ 1:5000
2. Извод од ГУП на град Скопје од 2012-2022год. ...................... 1:5000
3. Извод од ДУП Ново село- МЗ Даме Груев од 1993год.......... 1:1000
4. Ажурирана геодетска подлога......................................................... 1:1000
5. Документациона основа

5.1. Инвентаризација и снимка на градежен фонд........................ 1:1000

5.2. Инвентаризација на комунална инфраструктура................ 1:1000

5.3. Инвентаризација на бесправни градби..................................... 1:100

## II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на планот
2. Географска и геодетска местоположба
3. Извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма
5. Плански концепт
6. Плански решенија за градба
7. Економско образложение
8. Општи услови за изградба
9. Посебни услови за изградба
10. Сообраќајно решение
11. Нивелациски план
12. Хидротехничка инфраструктура
13. Електроенергетика
14. телефонска мрежа

**Нумерички дел**

Нумерички показатели

Билансни показатели

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите......... 1:1000
2. Сообраќаен и нивелациски план ............... 1:1000
3. Инфраструктурен план................. 1:1000
4. Синтезен план .............................. 1:1000

**Ч л е н 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, УЗ Даме Груев – УБ 3, Општина Ѓорче Петров - Скопје , ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план за УЗ Даме Груев – УБ 3, Општина Ѓорче Петров – Скопје, со сите негови делови е составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник " на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07 - 1383/3**
**Од 23.04. 2014 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Александар Стојкоски с.р.**